Анализа на родово-базирани содржини:



# Сексистички говор на омраза

кон млади девојки

Анализа на родово-базирани содржини:

# Сексистички говор на омраза

кон млади девојки

Институт за комуникациски студии

respublica

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica

**Автори:**
м-р Бојана Јовановска
м-р Јована Јовановска

**Уредник:**
м-р Дејан Андонов

**Лектор:**
Ружица Пејовиќ

**Графички дизајн:**
Игор Делов

**Место и година:**
Скопје, 2023

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска
библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.625:316.613.434(497.7)”2023”(047.31)
364.63-028.16:316.774(497.7)”2023”(047.31)
659.3/.4:316.625-055.2-053.6(497.7)”2023”(047.31)

ЈОВАНОВСКА, Бојана
Анализа на родово-базирани содржини [Електронски извор] :
сексистички говор на омраза кон млади девојки / [автори Бојана
Јовановска, Јована Јовановска]. - Скопје : Институт за комуникациски
студии, 2023. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL):
https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2023/08/seksistichki-govor-na-omraza-kon-mladi-devojki-mk.pdf
(Слободен пристап). - Текст во PDF формат, содржи 35 стр. - Наслов
преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 08.08..2023. - Фусноти кон
текстот. - Финансиер: Влада на Обединето Кралство, „Употреба на
новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување
на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“

ISBN 978-608-4805-28-1

1. Јовановска, Јована [автор]
а) Говор на омраза -- Млади девојки -- Медиуми -- Влијанија --
Македонија -- 2023 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 61200901

# Вовед

Содржините што се креираат и се споделуваат во онлајн-просторот сѐ уште во голема мера се перципираат како безопасни, што придонесува за значајно девалвирање на нивното влијание во физичкиот свет. Оттука, споделувањето невистинити и злонамерни содржини, кои најчесто се вознемирувачки за лицата кон кои се насочени, сѐ уште се третира како феномен што се одвива изолирано, во еден „нереален“ свет, и како резултат на тоа се амнестираат неговите негативни ефекти во „реалниот“. Негативното однесување не се препознава како форма на насилство или говор на омраза и не се адресира соодветно, што ја охрабрува јавноста да креира и да споделува нови содржини што имаат негативен ефект.

Слободата во однос на анонимноста што ја овозможуваат социјалните медиуми создаде простор што значајно ги охрабри луѓето да ги вербализираат своите мислења и ставови, но и да креираат невистинити и злонамерни содржини, без страв од одговорност, односно дека ќе бидат казнети. И покрај тоа што вознемирувањето во онлајн-просторот е присутно од многу порано, сепак развојот на социјалните медиуми како јавни платформи за споделување и консумирање информации овозможи негов поголем дострел, имајќи ја предвид брзината со која одредени содржини може да се прошират до голема публика. На овој начин вознемирувањето одредена личност се одвива преку јавниот онлајн-простор, што овозможува мобилизирање поддршка за вознемирувачките содржини и дополнително креирање нови. Овој вид вознемирување може да ѝ направи значителна штета на психолошката и емоционалната состојба на личноста што е предмет на овие содржини, што, особено доколку се работи за млада личност, може да има трајни ефекти врз нејзиниот целокупен понатамошен живот и развој.

Според своите карактеристики, социјалните медиуми претставуваат плодна почва за креирање и ширење родово-базиран говор на омраза и

родово-базирано вознемирување, најчесто преку перпетуирање родови стереотипи во онлајн-просторот. Токму затоа, социјалните медиуми се и еден од клучните инструменти на антиродовите кампањи, преку кои се шират родови дезинформации, но и преку кои се напаѓаат и се повикува на линч на жени во јавниот живот, заради ограничување и обесхрабрување на нивното учество во јавната сфера.

Од особено значење за креирањето и споделувањето на злонамерните содржини е улогата на медиумите и нивното известување, имајќи предвид дека објавите на новинарските извештаи на социјалните медиуми најчесто претставува основа за креирање на овие содржини, особено доколку тие не се регулираат од страна на медиумите. Оттука, целта на оваа анализа е да ги идентификува злонамерните содржини и мизогини наративи насочени кон млади девојки, објавени во коментари на новинарски извештаи на социјалните медиуми, како и да укаже на влијанието на овие содржини врз перпетуирањето на родовите стереотипи. Крајната цел на оваа анализа е да придонесе за информирање и зголемување на знаењето и самодовербата на жените и девојките за препознавање и ефективно справување со овие содржини.

Оваа анализа, со наслов „Сексистички говор на омраза кон млади девојки", е втора анализа на родово-базирани содржини што ја изработи Институтот за комуникациски студии во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија", кој се реализира со поддршка на британската амбасада во Скопје.

# Методологија

Главен фокус на оваа анализа се родово-базираните злонамерни содржини насочени кон млади девојки. Истражувањето беше спроведено со примена на квалитативна анализа на новинарски извештаи и коментари на објави на новинарски извештаи на социјалните медиуми (Фејсбук и Твитер), објавени во периодот од март до мај 2023 година. Притоа, целта на оваа анализа е да ги идентификува злонамерните содржини насочени кон млади девојки што се објавени во коментари на новинарски извештаи на социјалните медиуми, како и да укаже на влијанието на овие содржини врз перпетуирањето на родовите стереотипи.

Анализата опфаќа обработка на две студии на случај во чија основа се злонамерни содржини насочени кон млади девојки. И покрај тоа што и во двете студии станува збор за случај на исчезнати девојчиња, сепак појдовната точка во изборот на случаите за анализа не беше заднината на случајот, туку содржината на коментарите што ги предизвикаа на социјалните медиуми. Меѓутоа, имајќи предвид дека и двата случаи, покрај сличната тематика, се одвиваа едно по друго, во краток временски период, тие дадоа и добра основа за компарација, односно поставување релации во однос на реакциите што ги предизвикаа. Првата студија опфати анализа на случај на две исчезнати малолетни девојчиња од скопската населба Чаир, додека втората студија се однесува на две исчезнати девојчиња во скопската населба Центар.

За целите на оваа анализа беше анализиран примерок од 140 новинарски извештаи и повеќе од 1.500 коментари на социјалните медиуми поврзани со двете студии на случај. Беа анализирани новинарски извештаи од сите онлајн-медиуми што известиле за случаите што се предмет на оваа анализа, без дополнителна селекција на поединечни медиуми, и коментарите на тие објави на социјалните медиуми. Притоа, имајќи предвид дека фокусот на анализата беше ставен на коментарите на

социјалните медиуми, пред сè на платформата Фејсбук, содржините беа анализирани преку неколку специфични аспекти:

- употреба на сензационалистички јазик во објавите и новинарските извештаи од страна на медиумите;
- употреба и перпетуирање на родови стереотипи во содржините на коментарите, а особено преку сексуализација;
- употреба на сексистички говор и говор на омраза;
- креирање и ширење невистини;
- промоција на култура на насилство, особено на родово-базирано насилство;
- одговорност за случајот и тенденција кон матурација.

Притоа, во рамките на анализата не се наведени иницијалите што директно упатуваат на идентитетот на малолетните девојчиња и не се пренесени содржините со сериозни навреди и нивна сексуализација. Во рамките на анализата беа избрани и прикажани принтскринови од неколку релевантни коментари, со прикривање на идентитетот на нивните креатори.

# Контекст на анализата

Јавното ширење на мизогините наративи преку социјалните медиуми може да има значајно влијание врз личниот и емотивниот развој на децата и младите, но и да има долгорочни штетни последици во прилог на одржување и продлабочување на родовите нееднаквости во општеството. Овие наративи најчесто се вербализираат во форма на секојдневна употреба на релативно мизогин и погрден сексуализирачки јазик, критика на женската сексуална активност, шеги за сексуално насилство, обвинување на жртви на родово-базирано насилство, матурација, или придавање карактеристики, односно одговорност на возрасен човек, на малолетни девојчиња, објектификација и исмејување на девојки врз основа на нивниот изглед, исмејување на девојки што вршат нестереотипни родови улоги итн.

Создавањето, споделувањето и ширењето содржини со кои се напаѓаат одредени лица врз основа на нивниот род, вклучувајќи го нивниот родов идентитет и сексуална ориентација, претставуваат родови дезинформации или лажни информации, кои најчесто се карактеризираат со мизогинија и хомофобија.[1] Преку овие наративи се поддржува опстојувањето на родовите стереотипи во општеството и се поттикнува родово-базираното насилство, како инструмент за одржување на традиционалните родови улоги. Токму одобрувањето и повикувањето на насилство врз жените претставува еден од најчестите и вообичаени изрази на мизогинија.

Според македонскиот поимник, родово-базираниот и сексистички говор на омраза, кој претставува форма на онлајн-насилство, се однесува на секаков вид комуникација, преку говор, текст или невербално однесување, што напаѓа, понижува, навредува и дискриминира некое лице врз основа на полот, родот, сексуалната ориентација или родовиот

1 IGF. (2021). *Exploring the concept of Gendered Disinformation.* Достапно на: https://www.intgovforum.org/en/filedepot_download/62/20661

идентитет и, меѓу другото, се состои и од сексуално посрамување и тролање.[2] Притоа, онлајн-насилството ги опфаќа различните форми на насилство на интернет што се вршат со посредство на технологијата и се дефинира како свесно нанесување и повторување штета со помош на компјутери, мобилни телефони или други електронски уреди, најчесто преку употреба на текстуална или графичка содржина.[3]

Според истражувањата, социјалните медиуми на различни начини создаваат притисок и кај девојчињата и кај момчињата, при што изложеноста на онлајн-вознемирување има непропорционален ефект врз онлајн-активноста на младите девојки, каде што родовите норми се засилени.[4] Се проценува дека една од десет жени постари од 15 години доживува онлајн-насилство.[5] Меѓутоа, не само што е поверојатно жените да бидат изложени на онлајн-насилство, тие исто така може да страдаат од сериозни физички, психолошки или економски последици.[6] Освен тоа, вознемирувањето може да се влоши кога се извршува врз основа на родот во комбинација со други фактори, вклучувајќи ги возраста, етничкото или расното потекло, сексуалната ориентација, родовиот идентитет, попреченост и сл.

Соочувањето со содржини што се навредливи и злонамерни може да предизвика страв, вознемиреност, стрес, понижување и други негативни емоции кај лицата што се предмет на овие содржини. Вознемирувањето предизвикано од онлајн-содржините може да остави трајна траума за жените и девојките, при што јавното сеќавање на срамот и обвинувањето може да доведе до интернализација на траумата и да предизвика нарушување на менталното здравје, што може да се движи од вознемиреност, депресија, стигма, па сè до самоповредување како

2 Василева, А., Мартиноска, А. и Миленковска, С. (2023). Поимник на родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата. UNFPA. Достапно на: https://mtspresursencentar.mk/publication/1993_poimnik_na_rodovo_baziranoto_nasilstvo_izvrsheno_so_zloupotreba_na_tehnologija_0.pdf

3 Ibid.

4 EIGE. (2019). *Gender equality and youth: opportunities and risks of digitalization*. Достапно на: https://eige.europa.eu/publications-resources/publications/gender-equality-and-youth-opportunities-and-risks-digitalisation?lang=pl

5 EIGE. (2017). *Cyber violence against women and girls.* Достапно на: https://eige.europa.eu/publications-resources/publications/cyber-violence-against-women-and-girls

6 EIGE. (2022). *Combating Cyber Violence against Women and Girls.* Достапно на: https://eige.europa.eu/publications-resources/publications/combating-cyber-violence-against-women-and-girls

опција за справување со траумата и самоубиство како единствен начин за ставање крај на таквата траума.[7] Податоците од едно истражување што беше спроведено во три средни училишта во Северна Македонија покажаа дека 78% од испитаниците биле жртви на вознемирување во онлајн-просторот, од кои најголем број жени и припадници на ЛГБТИ-заедницата, категории што се најчести жртви и во физичкиот простор.[8] Меѓутоа, она што особено загрижува е што 11 испитаници изјавиле дека имале суицидни мисли откако биле подложени на овој вид вознемирување.

И покрај варијациите во однос на различни земји и возрасни групи, повеќе истражувања укажуваат дека најголем дел од корисниците на социјални медиуми се соочиле со вознемирување на платформата Фејсбук.[9] Ова укажува и на потребата од регулација на злонамерните содржини што се креираат од страна на медиумите, но многу повеќе на оние што се креираат од страна на пошироката публика, имајќи ги предвид негативните ефекти што овие содржини може да ги предизвикаат, особено врз помладите корисници.

Освен тоа, родово-базираниот говор на омраза и родово-базираното насилство во онлајн-просторот сè уште се недоволно препознаени од страна на релевантните институции во Северна Македонија. И покрај дефинирањето на сексуалното вознемирување преку интернет во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, како и неговото неодамнешно криминализирање, сепак сè уште се соочуваме со негово непрепознавање и не(соодветно) постапување. Родово-базираниот говор на омраза е препознаен од страна на Законот за спречување и заштита од дискриминација и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во нејзиното постапување.

7 University of Ljubljana. (2017). *Cyber Violence against Women & Girls REPORT.* Достапно на: https://www.stoponlineviolence.eu/wp-content/uploads/2020/06/Cybersafe_Report_200623_web.pdf

8 Анастасовска, С. и Митов, О. (2021). Годишен извештај за состојбата со говорот на омраза на локално ниво во градовите: Тетово, Битола и Штип за 2021 година. Хелсиншки комитет за човекови права. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/godishen-izveshtaj-za-sostojbata-so-govorot-na-omraza-na-lokalno-nivo-vo-gradovite-tetovo-bitola-i-shtip-za-2021-godina/

9 University of Ljubljana. (2017). *Cyber Violence against Women & Girls REPORT.* Достапно на: https://www.stoponlineviolence.eu/wp-content/uploads/2020/06/Cybersafe_Report_200623_web.pdf

Во однос на регулирањето на „говорот на омраза“ од кривичен аспект, неколку кривични дела во Кривичниот законик се поврзани со говорот на омраза, меѓу кои: загрозување на сигурноста, предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост на национална, расна, верска или каква било друга дискриминаторска основа, ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски системи, одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства, расна или друга дискриминација. Иако овој феномен е препознаен во Кривичниот законик во битието на некои кривични дела, не постои посебен член што директно го инкриминира како посебно кривично дело. На целата низа недоречености и недостатоци во правната рамка се надоврзува и недостигот од регулација на говорот на омраза во онлајн-просторот. Ваквиот недостаток се отсликува и во судската практика, каде што се среќаваме со неефективно гонење на сторителите и значително мал број пресуди за говор на омраза. Така, на пример, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи е единствената институција што има пристап до механизмите за собирање докази во онлајн-просторот, но постапката за лоцирање на сторителите е бавна и повеќето постапки траат предолго и завршуваат со неуспех. Освен тоа, кај Јавното обвинителство не постои правна практика на гонење на говорот на омраза на интернет, што потенцијално би ја зголемило превентивната улога на законите за обесхрабрување на оние што ја злоупотребуваат слободата на говорот на социјалните медиуми. Следствено на ова, недостига и превенција на говорот на омраза, бидејќи ако еден феномен не е препознаен и регулиран, не можеме да имаме ниту податоци за неговата сериозност, последиците што ги предизвикува и потребата за негова превенција.

Под онлајн-медиуми се подразбираат платформите (форуми, социјални мрежи и други платформи што овозможуваат слободна размена на информации, идеи, ставови и мислења) и која било друга самостојна електронска публикација (блогови, веб-презентации и слично), освен оние што се регистрирани во некоја евиденција во согласност со законот. Во последниот случај тоа е оставено на желбата на креаторот на онлајн-изданието (блог, веб-страница итн.) дали сака тоа издание да го

регистрира како јавно гласило и тоа да се смета како медиум за јавно информирање и врз него да се применува медиумското законодавство, при што врз основа на таквиот статус ужива одредени права, но и обврски.[10]

Во Северна Македонија традиционалната медиумска сфера на јавно информирање се регулира со Законот за медиумите[11] и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[12]. Иако овие закони не ги регулираат онлајн-медиумите, постојат низа други закони што на некој начин ги регулираат, меѓу кои: Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за авторско дело и сродни права, Законот за заштита на личните податоци, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за работни односи, Законот за архивски материјал, Законот за електронска трговија и други.

Што се однесува на социјалните медиуми, нивната регулација е речиси непостоечка. Иако социјалните медиуми ги зголемија можностите за слобода на изразувањето, за побрзо и полесно споделување информации, и овозможија непречена комуникација на глобално ниво, тие истовремено креираа простор за ширење дезинформации и говор на омраза. На социјалните медиуми говорот на омраза во последните години зема замав и е еден од главните извори на мизогинија и сексизам. Она што е позитивно е што европското законодавство е во чекор со времето и веќе од декември 2018 година го адресира проблемот со нерегулација на социјалните медиуми. Ова значи дека и Северна Македонија ќе треба да го усогласи законодавството во делот на платформите за споделување видеа и социјалните мрежи, односно социјалните медиуми. Последните информации од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дека експерти од Европската комисија веќе работат на усогласување на македонската медиумска

10 Бачоска, Ј. (2017). Зајакнување на професионалните стандарди или ерозија на слободниот говор: Регулација на онлајн-медиумите во Македонија. Институт за комуникациски студии, Висока школа за новинарство и за односи со јавноста. Достапно на: https://iks.edu.mk/attach/Regulacija-na-onlajn-mediumi-rezime.pdf

11 Закон за медиуми, Службен весник на РСМ број184 од 26.12.2013

12 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на РСМ број 184 од 26.12.2013

регулатива со изменетата Директива за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.[13] Иако ова е добар знак, во моментов во државата не постои регулација на социјалните медиуми, со што е креиран вакуум во кој тлее говорот на омраза и ширењето штетни содржини. Освен тоа, иако онлајн-медиумите се предмет на регулација во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во кој се опфатени со терминот „електронски публикации“ како медиуми преку кои може да се извршат навреди и клевети, ова не важи и за говорот на омраза.

13 МКД.мк. Дојде време за регулација на социјалните мрежи. Достапно на: https://www.mkd.mk/node/478487



# Студија на случај: **Исчезнати девојчиња во Чаир**

Во рамките на оваа студија на случај беа анализирани содржини во врска со случај на две исчезнати малолетни девојчиња од скопската населба Чаир на крајот на март 2023 година. Според новинарските извештаи што беа објавени последователно по исчезнувањето на двете девојчиња и според објавите на Министерството за внатрешни работи, во случајот се работи за 12-годишно и 15-годишно девојче што ги напуштиле своите домови и не се вратиле. Пријавата за 12-годишното девојче била поднесена од нејзиниот татко на 30.3.2023 година во 20.30 часот, додека пријавата за 15-годишното девојче била поднесена истиот ден од нејзиниот татко во 22.00 часот, двете во полициската станица Бит-пазар. Според информациите од МВР, 15-годишното девојче повеќепати во минатото го напуштало домот и било враќано назад. Во соопштението на МВР е наведено дека се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

Првичните објави во медиумите се однесуваат само на исчезнувањето на 12-годишното девојче, со наведување детали за девојчето вклучително име и презиме, висина, изглед, сето придружено со слики, населба, училиште, информации околу времето на исчезнувањето, детали за

пријавите во полиција и споделување телефонски броеви за контакт доколку некој ја забележи. Во новинарските извештаи беа споделувани и изјави од таткото на девојчето со апел да му се помогне во потрагата. Во подоцнежните објави истиот ден, на 31.3.2023 година, започнуваат да се споделуваат информации за тоа дека 12-годишното девојче исчезнало додека било во училиште, каде што било повикано за време на наставата од повозрасно од неа девојче, по што не е повторно видено. Иако пријавата за исчезнувањето на второто, 15-годишното девојче, е поднесена час и половина по пријавата за првото, вестите се однесуваат само на 12-годишната исчезната, со наведување дека некаде била однесена од друго девојче, за кое подоцна се дознава дека е пријавеното 15-годишно девојче. Новинарските извештаи за случајот уште во самиот почеток содржат детали за имињата и презимињата на девојчињата, некои детали од нивниот живот, населбата во која живеат, изјави од родителите и од лица што им се блиски.

Подоцна новинарските извештаи ја пренесуваат веста дека навивачката група „Шверцери" ги повикува своите членови да се вклучат во потрагата по двете исчезнати девојчиња, а веќе следниот ден, на 1.4.2023, во повеќе медиуми споделена е веста дека девојчињата се пронајдени во 13.30 часот на улицата „Џон Кенеди", кај продажен објект во паркот, од страна на полициски службеници од полициската станица Бит-пазар.

Во рамките на оваа студија беа анализирани 80 новинарски извештаи објавени на социјалните медиуми во врска со случајот, како и над 700 коментари на објавите на социјалните медиуми на македонски и албански јазик, пред сè на Фејсбук. Од анализата на новинарските извештаи забележано беше споделување детални податоци и слики од девојче што има 12 години, што може негативно да влијае врз животот на девојчето и да нанесе штетни последици. Во најголем дел насловите упатуваа на сериозноста на ситуацијата и потребната помош за наоѓањето на девојчињата. Од анализата на коментарите може да се забележи позитивно сплотување на голем број корисници со единствена намера да се помогне во потрагата по исчезнатите девојчиња, но истовремено и злонамерни содржини што имаат потенцијал негативно да влијаат и врз понатамошниот живот на девојчињата.

Најголем дел од коментарите што беа анализирани вклучуваат апели за помош, повици за помош од господ, молитви и емотикони. Еднакво голем број коментари се во насока на поддршка на фамилијата, изразување сочувство со родителите и пораки за побрзо наоѓање на девојчето или девојчињата здрави и живи. Голем број коментари се и во насока на осуда на просветниот работник што дозволил 12-годишното девојче да го напушти училиштето откако било повикано од 15-годишното девојче што исто така се води како исчезнато.

> Додека во образование се вработува партиски ќе има вакви работи, за жал. Чест на исклучоци, но 90 % ем неписмено ем неодговорно. На сред час да пуштиш малолетно дете, а не е родител е малоумно, тотална негрижа. Дај боже да се најде девојчето живо и здраво.
>
> 205
>
> Ми се допаѓа Одговори 12 седм.

Па дури водат кон тоа дека целата држава треба да биде под надзор за да не се случуваат вакви работи и како пример се посочува Турција.

> Vo Turska celat drzhava e pod nadzor na kameri .Hitno treba I kaj nas Prvo shkolite pa celiot grad da Se pod nadzor .Zatoa ovde se si seshto sev deshava kidnapiranja oshto ne grsbezhi palenje na objeki I vozila .A najstrasho evso ova so decatav koi izçeznuvaat
>
> 32
>
> Ми се допаѓа Одговори 12 седм.

Дел од коментарите се осудувачки за родителите и за исчезнатите девојчиња во насока на тоа дека се работи за лоши деца, дека заслужуваат ќотек и дека не се добро воспитани бидејќи само девојчиња се губат, а не и машки.

> M.K qenka per ta lidh n'podrum, femija I keq
>
> Ми се допаѓа Одговори Види го преводот 12 седм.

Во превод: „М.К. била за да ја врзеш во подрум, лошо дете“

> amon bre sall vajzat hupen nje her nuk psh djem te hupen
>
> Ми се допаѓа Одговори Види го преводот 12 седм.

Во превод: „Аман бре, само девојчиња се губат, зошто на пример еднаш машки не се изгубија“



A thuper he lock.jan tranu rinija ka vdek bablok kur bertitke flokt iriq duan te jetojn si eurpjan te knaqen te defrehen matura ka 4 dit qika djem po shka miba tik tokit qikan hup tru jan jan fshiii kejt

Ми се допаѓа Одговори Види го преводот 12 седм. 3

Во превод: „А само стап тука, младината е полудена, умрел дедото што кога ќе викнеше, косата стануваше како еж, сакаат да живеат како Европејци, да уживаат по 4 дена и женски и машки, но што да правиш, со Тикток го изгубија мозокот, сите се луди“

Во коментарите беа забележани содржини што посочуваат дека девојчињата не треба да шетаат сами ноќе и дека треба поголема контрола врз нив. Вината за исчезнувањето на овој начин ѝ се припишува на недоволната контрола врз женските деца и контролата што мажите во домот ја имале во минатото. Ваквите размислувања се производ на длабоко вкоренетите патријархални ставови што ја нормализираат контролата врз жени и девојки од страна на мажи, особено во семејните заедници. Уште повеќе, преку нив се нормализира и родово-базираното насилство како алатка за воспоставување контрола врз женските тела. Во овој контекст, коментарите всушност се показател за ниската општествената свест на поширокото население и сè уште присутните традиционални, мизогини ставови за жените, што може да доведе само до дополнителна маргинализација на жените и девојчињата.



greota ..ama mislam deka otišla za organi .Koga im vikam na moive maloletni vnuki od brat kade setaat nokje vo 1 h ne sum loša tetka .tuku tetka koja mozebi i poveke misli od nivnite roditelji. Jas da imam cerka maloletna ne bi ja pustila so taksi noke da se vraća od grad ....a I sekoj prav roditel ako e prav taka treba da postapi,bidejki ova vreme sega e ludo ,a I psihopati setaat po ulica ...Ne e ova vreme ona vreme koga možese da se spie i na klupa vo park a nikoj da ne te pipne,ne ova ona vreme koga slobodno mozese da spies i na livada.Go traževte zapadot .eve go dojde i kaj nas.

Ми се допаѓа Одговори 12 седм. 15

На објавите на новинарските извештаи што се однесуваат на вклучувањето на навивачката група „Шверцери“ во потрагата, најголем дел од коментарите го поздравуваат и изразуваат почит за потегот и охрабруваат што повеќе луѓе да се вклучат во потрагата без оглед на верата и националната припадност, истовремено критикувајќи ги власта и полицијата, кои не покажуваат доволна сериозност во потрагата.

> Ne znam kade e mvr, zosto taa ne prevzema akcija, zosto gradjanite da se samoorganiziraat, za sto se plakaat policajci te, samo za kazni
>
> Ми се допаѓа Одговори 12 седм. 11

Наспроти коментарите што охрабруваат вклучување на сите луѓе во истрагата, без оглед на верата и националноста, истовремено се појавуваат националистички коментари и дискусии што прават дефокус од вистинскиот проблем и сериозноста на ситуацијата.

> Kurse Shteti e Policia ne Gjum. Fmi te Shqiptarve se tishin kon Maqedonas apo Bugar ish Akrivizu edhe Ushtria
>
> Ми се допаѓа Одговори Види го преводот 12 седм.

Во превод: „Државата и полицијата во сон. Деца на Албанци, да беа Македонци или Бугари ќе се активираше и војската“

Како што беше напоменато, иако исчезнувањето на двете девојчиња се случува истовремено и речиси истовремено исчезнувањата се пријавени во полиција, новинарските извештаи во најголем дел известуваат само за исчезнувањето на 12-годишната малолетничка. Забележително е дека само низ коментарите од корисници на Фејсбук се проткајува веста дека и двете малолетнички се исчезнати и дека всушност девојчето што ја викнало 12-годишната малолетничка од училиште е истовремено исчезнато. Кога ова се потврдува и во медиумските извештаи со слики и од 15-годишната малолетничка, во коментарите на објавите се појавуваат и шпекулации за нивната поврзаност. Во коментарите на новинарскиот извештај на 4NEWS.mk со наслов: „Шверцери“ во 22 часот од Скендербег започнуваат потрага по х и у, забележан е коментар што се однесува на тоа дека можеби се работи за тинејџерски тантрум и дека едното девојче имало историја на бегање од домот.

> Само да се живи и без трауми. Можно е да се избегани од дома. Едно од девојчињата имала историја на бегање од дома. Да се надеваме дека не се киднапирани и дека е тинејџерски "тантрум". Ова би било најпиволното сценарио. 🙏
>
> 33

Како надоврзување на овој коментар се развива цела дискусија, каде што еден од коментарите упатува на тоа дека девојчињата биле поврзани и дека постарото девојче е лезбијка, која во училиште оди со нож и бега од дома, дека таа го зела помладото девојче. Следните коментари се шпекулации дека наведеното е вистина и дека некој ги фотографирал

заедно и ги пријавил во полиција, како и дека се надеваат дека полицијата ќе разговара за ова со родителите.

Одделно од оваа дискусија, по пронаоѓањето на девојчињата, во истата конотација се појавуваат коментари за тоа дали некој ги прашал каде биле, придружени со пцовки и навредливи зборови што биле заедно и дека биле заедно бидејќи се лезбијки и сакале да прават секакви работи. Шпекулациите за сексуалната ориентација на девојчињата се разгоруваат уште повеќе по споделена објава во која е опишан случајот на исчезнувањето не како киднапирање, туку како обид за вкусување на слободата далеку од скршените семејства и домови на две девојки со поинаква сексуална ориентација. Освен тоа, наведено е дека пренесувањето на веста во медиумите е манипулативно, со единствена намера да се добие внимание и сензационализам.

Причините за исчезнувањето на девојчињата останаа непознати и се ирелевантни од секој аспект за пошироката јавност. Но претпоставките за нивното исчезнување и коментарите што содржеа шпекулации за сексуалната ориентација на девојчињата, кои во основа шират и нетолерантност кон различностите, како и оние со навреди и шпекулации за лошите намери и лошото поведение на постарото девојче, може да имаат сериозен негативен ефект врз развојот на девојчињата и нивниот понатамошен живот.



# Студија на случај:
# **Исчезнати девојчиња во Центар**

Во рамките на оваа студија на случај беа анализирани содржини во врска со случај на две исчезнати малолетни девојчиња од Струмица во центарот на Скопје, во мај 2023 година. За случајот беа објавени неколку новинарски извештаи во медиумите според кои девојчињата, кои биле дојдени во Скопје на еднодневна училишна екскурзија, последен пат биле видени од страна на нивната наставничка пред трговскиот центар „Веро Џамбо“ и требало во одредено време да прошетаат и да се вратат на местото каде што им биле паркирани автобусите, но тие не се појавиле. Освен тоа, обидите да ги контактираат телефонски се неуспешни бидејќи и на двете девојчиња телефоните им се исклучени. Случајот бил пријавен во СВР Скопје, од каде што споделуваат соопштение дека се преземаат мерки за нивно пронаоѓање, кое го споделуваат најголем дел од медиумите. Истовремено, на социјалните медиуми се споделуваат јавни апели и телефонски броеви од страна на родителите и роднините на девојчињата за помош во нивното пронаоѓање.

Имајќи предвид дека станува збор за исчезнати лица, за кои се бара помош да се пронајдат, во новинарските извештаи се објавуваат нивните имиња, возраст и фотографии. Голем дел од новинарските извештаи користат сензационалистичка терминологија во известувањето за случајот, при што дел од насловите и текстовите се повторуваат, па оттука среќаваме неколку новинарски извештаи со идентични наслови, како на пример: НАЈНОВА ВЕСТ! МАКЕДОНИЈА НА НОЗЕ ВЕЧЕРВА: Две девојчиња дојдени од Струмица се изгубени во Скопје; ФОТО: Се трага по две девојчиња изгубени во Скопје, дојдени на екскурзија од Струмица; Полицијата трага по исчезнатите девојчиња од Струмица кои попладнево се изгубија во Скопје.

Малку подоцна по првите објави за случајот, медиумите споделуваат снимка и слики од надзорна камера од објект во близина на „Веро Џамбо", на која се покажува дека девојчињата поминале по споредната улица и се упатиле во насока на Олимписки базен. Подоцна се објавуваат новинарски извештаи за засилување на потрагата по исчезнатите девојчиња, со приклучување дополнителен број припадници на МВР. Девојчињата се пронајдени доцна вечерта во населбата Кисела Вода.

Во рамките на оваа студија беа анализирани 60 новинарски извештаи објавени на социјалните медиуми во врска со случајот, како и над 800 коментари на објавите на социјалните медиуми, пред сѐ на платформата Фејсбук, како и на Твитер. Освен тоа, објавите имаат повеќе од 4.000 споделувања и бележат ангажман на публиката (engagement) од над 9.000. Од анализата на коментарите на социјалните медиуми во врска со новинарските извештаи за случајот може да се воочат неколку аспекти. Генерално, најголем дел од коментарите се во насока на изразување поддршка за побрзо пронаоѓање на девојчињата и споделување информации со цел да се помогне. Меѓутоа, во значаен дел од коментарите се бара одговорност за настанатата ситуација, пред сѐ насочени кон три инстанци: наставниците што биле одговорни за учениците на екскурзијата, родителите на девојчињата и самите девојчиња. Токму дел од овие коментари вклучуваат навреди и мизогин говор и се основата за развивање понатамошни дискусии за поддршка на овој негативен наратив.

Голем дел од коментарите се насочени кон (не)одговорноста на родителите на девојчињата, односно проблемот го бараат во нивното домашно воспитување и во самите девојчиња, што укажува на нормализирање на контролата на однесувањето на жените и девојките преку семејните заедници, најчесто преку некоја форма на родово-базирано насилство. Притоа, во речиси секоја објава на новинарски извештај на која има повеќебројни реакции (на пример објавите на Фокус[14], Струмица Денес[15], A1on.mk[16]) присутни се коментари со кои се обвинуваат девојчињата за нивното несоодветно и неодговорно однесување. Најголем дел од коментарите со злонамерни содржини се појавуваат по објавувањето на видеото и сликите од надзорната камера на кои девојчињата разговараат на телефон, и врз основа на нивното однесување во рамките на тие неколку секвенци се прават претпоставки за нивното исчезнување и се јавуваат првите сомнежи за неговите причини. Оттука, во голем дел од коментарите се изразува сомнеж дека девојчињата можеби намерно ги исклучиле телефоните, но и дека не прашале никого за помош и насоки или телефон да се јават или да пријават во полиција.







Во коментарите се развиваат дискусии преку анализа на постапките на девојчињата и се формулираат претпоставки, кои притоа содржат и директни навреди упатени кон нив. Па така, во коментарите се тврди дека тие очигледно биле расположени кога се одвоиле од групата, дека точно знаеле каде одат, дека веќе имале план и биле договорени да се

14 Достапно на: https://www.facebook.com/615792920552798/posts/706223801509709?paipv=0&eav=Afbk2k8YQguIvVYeztvW88qSK9Zzb7490ceou-cI5ARR2eHxiNRHGr7Qg-KbZs2GW3k&_rdc=2&_rdr

15 Достапно на: https://www.facebook.com/627496366057072/posts/653090966830945?paipv=0&eav=AfZfzBGl0B3fkreUIdTK6f7WwJEUlTMX789kkD8SjzPZyrDqSz-6CiGUWe8rUVsfC-w&_rdc=2&_rdr

16 Në dispozicion në: https://www.facebook.com/281596268582644/posts/6126607680748111/?paipv=0&eav=AfYXdsX36NJl4t8GPM6jc4bMub30LDtNeGsBIOGdNrCmcNw4gAtbmoqE8NraAW1P1vI&_rdc=2&_rdr

сретнат со некого. Притоа, се осудува нивното однесување имајќи предвид дека ги вознемируваат своите родители, но и сите граѓани.

Ovie znaele kade odat i sega ucitelkata im e kriva. Golemi se i znaat da se krijat, imale nekoj plan. Ajde ke gi najdete vo nekoj park kako sedat po zavrsenata misija.
Like Reply 5w Edited 41

[redacted]
ova planirano napustanje na grupata ,setanje na dve guski vo magla koi sigurno imale telefoni cela drzava ja voznemirija,odgovornost i kazna a za roditelite povekje da rabotat so decata
Like Reply 5w

[redacted]
🙏🙏🙏
Like Reply 5w

[redacted]
zaminale negde vbiblioteka sigurno 😃
Like Reply 5w

Top fan
[redacted]
Nese devojcina tuku Magarici otise po skopje na Boli zivot
Like Reply 5w

[redacted]
Oni pred da odat se dogovorile so nekoj na fb ili telefonski ima raznorazni
Like Reply 5w 10

[redacted] kako ne
Like Reply 5w

[redacted] videte prvo kakvi sé nepoznati prijateli imat pa posle sekoj ne e za prijatel na fb
Like Reply 5w

[redacted] pa toa deca se sepak
Like Reply 5w

[redacted] deca se Ama od toa dopuštanje neli gledas so se slucuva u Srbija od takvi samo
Like Reply 5w

[redacted] ama THIS IS SPARTA
Like Reply 5w

[redacted] точно така.
Де се изгубиле учителката е крива не е никој крив
Самите се криви и родителите.
Like Reply 5w 2

Она што е значајно е дека дел од коментаторите целосно го занемаруваат фактот дека станува збор за малолетни девојчиња во град што (веројатно) не го познаваат добро, што е особено видливо преку коментарите со кои се тврди дека тие не се мали деца, како и коментари со кои се навредувани и сексуализирани, дури и поврзувани со проституција, трговија со луѓе и слично.







Во превод: Ајде бе се журкаат, за ден -два ќе се вратат не се изгубени не се секирајте  за 2-3 дена ќе се вратат, тука се некаде

Во коментарите се појавуваат и претпоставки дека девојчињата намерно се изгубиле со цел да бидат во центарот на вниманието и да станат познати, при што во неколку наврати се споменува социјалната мрежа Тикток.




Во превод: Треба да се затвори Тик-ток, оти се расипа народот, еј

Преку овие содржини се потврдуваат одредени родови стереотипи и предрасуди што сè уште постојат во нашето општество, при што однесувањето на жените се поврзува со потребата за внимание и се прави нивно сексуализирање заради навреда на нивната личност и постапки.

Во дел од коментарите во кои се бара одговорност од наставниците, дури и се развиваат дискусии во нивна одбрана, префрлајќи ја одговорноста целосно на двете девојчиња и нивните скриени намери со нивните постапки.

> [redacted] a kakva nevospitanost od doma od roditelite i nepočit kon nastavnicite maloumni se pa so telefonite se dvojat od drugite najpametni se tie dve ili došle dečkovci da baraaaat ne baraj i ne pišuvaj gospogo protiv nastavnicite do riditelite i decata e taaa ne gi ostavila ne zbori gluposti
>
> Like Reply 5w 16

> Не се на богато семејство со врски како тие вагабонтките што беа што ги бараа и хулигани и дилери на дрога и министерства и што ти уште не (а на крај излезе избегани биле од дома кога ги најдоа за неполни два дена), па затоа не им е гајле на надлежните. А да, исто и етнички македонки се, не се малцинство, така да нема политички поени тука да ги бараат, никој не го боли уво за македонците.
>
> Like Reply 5w Edited 9

Освен тоа, во коментарите има и навреди кон девојчињата врз основа на тоа дека потекнуваат од провинција, а воедно се прави споредба со случајот на исчезнатите девојчиња во Чаир, особено на етничка основа.

Како што беше споменато, дел од коментарите со кои се осудува однесувањето на девојчињата одговорноста за случајот ја бараат во нивните родители и несоодветното воспитување на девојчињата.

> Раскалашеноста на децата од страна на родителите- ефектот е дрско , неодговорно однесување
>
> Like Reply 5w 15

> Kade be izgubeni so telefoni vraka shetkarat taka gi vaspita od doma nif koga ke se vratat doma ubavo peglajne i shishajne nularica stramota ova shto go praat si gi voznemiruvat roditelite familijata i red drugi .

Освен тоа, во рамките на коментарите се делат лекции по родителствување и експлицитно се охрабрува казнување на девојчињата од страна на родителите штом ќе се вратат и преку стимулирање различни форми на насилство. Покрај коментарите може да се најдат различни идеи за соодветно казнување на девојчињата, кои покрај родителите, треба да се применат и од страна на одговорните во училиштето, како одземање телефон, присилна работа, намалување оценки, забрани за екскурзии и слично.

Ova Sega ne se deca gavoli se, ccccccc bez mozok ke potresuvaat cela drzava pa i zgora na se isklucile tel i mirno si setaat, abre kotekot samo kako porano sto bese pa dali ke smejat da se oddalecuvaat od grupata i svoevolno da begaat...Roditeli kaj vi e svesta sto cekate? znaete Li kako da vospituvate deca ili samo znaete da dremete na tel celo vreme, a decata sto sakaat neka pravat, treba rabota i zborenje sekoj den so site deca osvestete se!!!

87
Like Reply 5w Edited

[redacted] tocno.i po edna prekrsocna za roditelite,oti decistata im se nemirni.neka gi sovetuvaat ili kaznuvaat doma ili neka gi naucat na pamet.jakite stikli,ke setaat sami niz Skopje,a gi odnele u vero.telefonite odzemanje i na psiholog nosenje...

11
Like Reply 5w

[redacted] mislam deka roditelite im se pogolemi "gjavoli", zosto od niv poteknuva se, i vospituvanje , sovetuvanje...koj kje bide nekoj roditel on si odgovara za odgoj na decata.

6
Like Reply 5w

[redacted]
Заслужуват за еден јак родителски ќотек како на времето.

11
Like Reply 5w

[redacted] točno. Baš sega i pišuvam kako beše kaj nas vo Jugoslavija.

2
Like Reply 5w

Во голем дел од овие коментари се употребува таканаречениот во мое време-наратив, преку кој авторите прават споредба со однесувањето и воспитувањето на децата во времето во кое растеле и дисциплинските алатки што се употребувале како соодветни за да се одбегне овој вид однесување што го демонстрираат денешните деца. Притоа, најголем дел од овие коментари поддржуваат употреба на физичко насилство, како од страна на родителите, така и во училиштата.

[redacted] imale ama gi isklucile mobilnite telefoni ne bile dostapni.. Abe ova ne se deca Sega, vo moe vreme se znaese kade odat site tamu i nie vo grupa zaedno i nema oddalecuvanje nikako, bevme poslusni i odgovorni deca, vospitani doma od roditelite na strog nacin i niti e imalo izgubeni deca, niti tepacki a ova sto e Sega, od ligavo po ligavo na praveno dete, dozvoleno e se za niv i pravat gluposti samo i jas sum roditel na 16 god momce i e vospitano na toj nacin kako sto sum vospitana i jas od moite roditeli nema opravduvanje za ova denes sto go napravile..

53
Like Reply 5w Edited

[redacted] па нормално дека ке ги исклучат телефоните инаку како ке им започне забавата ако се достапни абее за овие пусто турско

11
Like Reply 5w







Она што е загрижувачко е што овие коментари уживаа поддршка од поширокатa публика, изразена преку бројот на лајковите и коментарите на одобрување. Со поддршката за примената на насилство како дисциплинска алатка се оправдува родово-базираното насилство во одредени случаи, односно кога целта ги оправдува средствата. На овој начин, овие наративи придонесуваат за нормализирање на родово-базираното насилство во општеството и за негово повторување, како и несоодветно препознавање, како од страна на самите жртви, така и од страна на институциите во тоа општество.

Без разлика дали некоја од претпоставките за исчезнувањето на девојчињата е точна, овие содржини може да имаат сериозен негативен ефект врз развојот на девојчињата, имајќи предвид дека станува збор за малолетни девојчиња, кои се јавно навредувани, осудувани и сексуализирани.

# Завршна дискусија

Со цел да се анализираат содржините на коментарите, како основа служеа објавите на новинарски извештаи на социјалните медиуми, од што можеме да ја увидиме **употребата на сензационалистички јазик во насловите на новинарските извештаи.** Доколку имаме предвид дека публиката на социјалните медиуми многу често ги засновува своите коментари токму на насловите, а дел воопшто и не го чита новинарскиот извештај, сензационализмот во насловите може да влијае на површно донесување заклучоци од страна на читателите. Освен тоа, бидејќи станува збор за исчезнати лица, за кои се бара помош да се пронајдат, во новинарските извештаи се објавуваат имињата, возраста и фотографии од малолетните девојчиња.

Најголем дел од анализираните коментари на новинарските извештаи се во насока на изразување поддршка за побрзо пронаоѓање на девојчињата, сочувство со родителите на девојчињата и споделување информации со цел да се помогне во потрагата. Меѓутоа, во значителен дел од коментарите **фокусот се става на одговорноста за настанатата ситуација, односно се бараат „виновниците“ за исчезнувањата.** Барањето одговорност е насочено кон три главни инстанци: наставниците што биле одговорни за учениците на екскурзијата, родителите на девојчињата и самите девојчиња. Освен тоа, се бара одговорност и од полицијата за поефективна потрага. Од овие содржини започнува и бранот на навреди и говор на омраза и тие се основата за развивање понатамошни дискусии за поддршка на овој негативен наратив.

Постои прилично јасен образец во начинот на креирање на наративот во содржините на коментарите, при што и во двата случаи се развиваат дискусии во кои се прави анализа на постапките на девојчињата и **се формулираат претпоставки за причините за нивното исчезнување.** Притоа, **овие коментари се засновани исклучиво на лични претпоставки и шпекулации,** кои пак се доволни за да ја испровоцираат

фантазијата на публиката и да зачнат различни мизогини наративи. Преку овој тренд можеме јасно да ја увидиме **склоноста на голем дел од публиката кон наративи што се базираат на родовите стереотипи и ги перпетуираат,** особено преку широката поддршка на овој вид содржини.

Во едниот од случаите присутни **се претпоставки за сексуалната ориентација на девојчињата, кои беа доволен поттик за низа хомофобични коментари и осуди.** Во овие коментари не остана незабележан и насилниот тон за кој искуството покажува дека, посебно **кога се работи за омраза поради сексуална ориентација, има тенденција да поттикне и да резултира со насилство.** Овие шпекулации сериозно можат да им наштетат на две толку млади девојчиња, а особено не смее да се занемари интерсекцијата со нивната етничка припадност и средината во која живеат, што укажува на **високиот степен нетолерантност кон различностите во општеството.**

Во дел од содржините може да се забележи тенденција за матурација на девојчињата од страна на коментаторите, односно целосно занемарување на фактот дека станува збор за малолетни лица, особено во случајот на исчезнатите девојчиња во Центар, на кои **им се припишува целосна одговорност за исчезнувањето, која потоа служи како основа за нивно навредување и сексуализирање.** На овој начин, се врши перпетуирање на одредени родови стереотипи преку кои жените, на која било возраст, се сексуализираат заради навреда на нивната личност и постапки, како и предрасудите дека постапките на жените се директно поврзани со потребата за внимание, особено на социјалните мрежи.

Освен тоа, со цел да се коригира несоодветното поведение на девојчињата, во коментарите се делат многубројни **лекции за родителствување и форми за нивно казнување, во најголем дел преку стимулирање насилство.** Вината во овој случај ѝ се припишува на недоволната контрола врз женските деца, што е производ на длабоко вкоренетите патријархални ставови, кои ја прават прифатлива контролата врз жените и девојките, најчесто од страна на мажите, во семејните заедници. Притоа, особено загрижувачка е **поддршката од пошироката публика за примената на насилство, особено физичко,**

**како дисциплинска мерка,** која е изразена преку бројот на лајковите и коментарите на одобрување.

На овој начин, преку експлицитна поддршка на примената на насилство, се влијае на **одржување на културата на родово-базирано насилство во општеството,** во чии рамки насилството служи како алатка за одржување на традиционалниот родов поредок. Во овој контекст, **содржините се показател за ниската општествената свест на поширокото население и сѐ уште присутните традиционални, мизогини ставови за жените, кои може да доведат само до дополнителна маргинализација на жените и девојчињата.** Освен тоа, овие наративи **придонесуваат за нормализирање на родово-базираното насилство во општеството и за негово повторување,** како и несоодветно препознавање, како од страна на самите жртви, така и од страна на институциите во тоа општество.

Имајќи предвид дека оваа анализа се подготвуваше неколку месеци по случувањата што беа предмет на студија, а притоа беа анализирани повеќе од 1.500 коментари на новинарските извештаи, може да увидиме дека голем дел од **медиумите немаат политика на регулирање на содржините на коментарите на нивните објави, преку прикривање или бришење на содржините со говор на омраза, навреди и други штетни содржини.** На овој начин медиумите придонесуваат за ширење на овие содржини и овозможуваат мобилизирање поддршка на вознемирувачките содржини и дополнително креирање нови.

Со оглед на сите негативни можни последици од овој вид содржини не само врз исчезнатите девојчиња, туку и врз сите девојчиња и жени во општеството, **потребно е овие дела да бидат препознаени од страна на релевантните институции и соодветно да бидат санкционирани креаторите на овие содржини.**

И во двата случаи што беа предмет на анализа, без разлика дали некоја од наведените шпекулации за причините за исчезнувањата е точна, **овие содржини може да имаат сериозен негативен ефект врз развојот и понатамошниот живот на девојчињата, имајќи предвид дека станува збор за малолетни девојчиња што се јавно навредувани, осудувани и сексуализирани.**

# Заклучни согледувања

Имајќи ја предвид анализата на содржините од двете студии на случај и наведените аргументи во завршната дискусија, може да изведеме неколку клучни согледувања во однос на злонамерните содржини и мизогини наративи:

- имајќи предвид дека медиумите употребуваат сензационалистички јазик во насловите на новинарските извештаи, новинарите/ките мора да бидат внимателни во формулирањето на насловите, особено кога станува збор за сензитивни случаи, бидејќи тоа може да влијае на површно донесување заклучоци од страна на читателите;
- содржините на коментарите се фокусираат пред сè на барање одговорност, односно „виновник“ за настанатата ситуација, што е основата за развивање понатамошни дискусии и развивање негативен наратив;
- преку дискусии за постапките на девојчињата се формулираат претпоставки за причините за нивно исчезнување, кои се засновани исклучиво на лични мислења и шпекулации, кои се доволни за да ја испровоцираат фантазијата на публиката и да зачнат различни мизогини наративи. Во насока на трансформирање на овие обрасци на размислување, кои се основа за креирање и ширење дезинформации, потребно е да се спроведува континуирано информирање на широката јавност, особено на младата популација, за нивно препознавање и спречување на нивното негативно влијание и понатамошно ширење;
- постои склоност кај публиката кон наративи што се базираат на родовите стереотипи и ги перпетуираат, особено преку широката

поддршка за овој вид содржини. На ова се надоврзува тенденцијата за матурација на девојчињата, односно целосно занемарување на фактот дека станува збор за малолетни лица, на кои им се припишува целосна одговорност за исчезнувањето, која служи како поттик за навредување преку нивно сексуализирање, кое се заснова на родови предрасуди. Ова укажува на сѐ уште силното влијание на родовите стереотипи во секојдневниот живот, кое треба да биде адресирано преку пласирање содржини што ќе го промовираат принципот на родова еднаквост и придобивките од развивањето родово-рамноправно општество;

- претпоставките за сексуалната ориентација поттикнуваат хомофобични коментари и осуди, кои имаат насилен тон и имаат тенденција да поттикнат и да резултираат со насилство, што укажува на висок степен нетолерантност кон различностите во општеството. Оттука, потребно е да се поттикне јавната свест за идентитетските разлики и потребата за инклузивност во општеството;
- преку коментарите се поддржува примената на насилство, особено на физичкото, како дисциплинска мерка, преку што се влијае на одржување на културата на родово-базирано насилство во општеството. Затоа, потребно е интензивно да се работи на подигнување на свеста на широката популација за негативните ефекти на родово-базираното насилство и негова превенција, каде што улогата на медиумите е од особено значење;
- овие мизогини наративи, изразени пред сѐ преку злонамерните содржини и родово-базираниот говор на омраза, може да имаат сериозен негативен ефект врз развојот и понатамошниот живот на девојчињата, но и на сите жени и девојчиња во општеството. Со цел да се информираат за негативните ефекти, но и за начинот на справување со овој вид негативни содржини, потребно е да се работи на подигнување на свеста на жените и девојчињата за оваа појава;
- медиумите немаат политика на регулирање на негативните содржини на коментарите на нивните објави, со што придонесуваат за ширење на мизогините наративи и за мобилизирање поддршка

за вознемирувачките содржини и за дополнително креирање нови. Оттука, потребно е да се воспостават интерни политики и лица одговорни за регулирање на коментарите со негативни содржини, со цел да се спречи нивно понатамошно ширење;

- имајќи предвид дека овие дела не се соодветно препознаени од страна на релевантните институции, ниту пак се санкционираат креаторите на овие содржини, потребно е да се зголемат капацитетите на институциите за соодветно препознавање и постапување во овие случаи.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија", финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската влада.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти